# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

01.07.2026 година

бр.8 година 61
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

## 1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година

Се објавува Заклучок по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/1
01.07.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.06.2026 година, откако го разгледа Збирниот Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1871/3
30.06.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

Комисијата за процена и утврдување на висината штетата од природни непогоди и други несреќи, до Советот на Општина Ресен го предлага следниот:

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ

за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар

на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година

## I. Општ дел

На ден 11.07.2025 год. на дел од територијата на Општина Ресен односно, КО Долно Перово, КО Прељубје, КО Покрвеник и КО Волкодери евидентиран е пожар кој предизвика штети на земјоделските површини.

Советот на Општина Ресен со Одлука бр. 08-2251/12 од 19.09.2025 година, констатира штети од пожар врз земјоделски површини на територија на КО Долно Перово, КО Прељубје и КО Покрвеник. Исто така, со Одлука бр.08 – 2251/13 од 19.09.2025 год. од страна на Советот на Општина Ресен се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи – пожар во состав од Претседател – Кирил Тански и членови: Миха Догу, Николче Шушевски, Илче Ристевски и Тодор Китевски (сите вработени во лок.самоуправа на општина Ресен).

Комисијата, меѓудругото имаше за задача да изврши увид на теренот зафатен со пожарот, да извршат процена на настанатат штета, во законски рок за да ја заврши процената на оштетените и уништени добра, да изработи Збирен извештај за проценета штета од несреќата и да го достави до Советот на Општина Ресен.

Со примена на Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија“ бр.181/2021 година) обезбедени се принципи и методи за процена на штети.

## II. Цели на проценката

Цел на проценката е утврдување на видот и обемот на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината на настанување на штетата.

## III. Предмет на проценката

Процена се врши на средства и други добра кои се уништени или оштетени, како и трошоците предизвикани од овие штети и штетите заради намалено производство или неостварен приход кај правните и физичките лица. Предмет на проценка се обртни средства (суровини и репроматеријали, полупроизводи и недовршени производи, земјоделско производство, готови производи и трговски стоки) и основни средства ( долгогодишни насади).

Штетите се проценуваат на сите средства и други блага што претрпеле штета без оглед на тоа дали се осигурани кај осигурителни друштва.

## IV. Опис на основни поими и причини за штета

Причина за настанатата штета е – пожар. Според извештаите и записниците од надлежните органи, причината за пожарот не е утврдена.

## V. Цени потребни за процена на штети

Цените и количините што се користени при утврдување на процената на штетата настаната од пожарот евидентиран на 11.07.2025 год. на територија во КО Долно Перово, КО Прељубје , КО Покрвеник и КО Волкодери, општина Ресен се превземени од извршената процена за настаната штета од природна непогода – голомразица на подрачјето на Општина Ресен за 2025 год. При пресметката на штета за предметната несреќа, од вкупно утврдената штета одземени се трошоци за нереализиран род во висина од 20 %.

## VI. Резултати од проценетите штети

По објавување на јавниот повик за поднесувања на барања за надомест на штета од пожар до општина Ресен поднесени беа 21(дваесет и едно) барање од физички лица.

По извршениот увид и врз основа на доставените барања до општина Ресен, евидентирани се штети на земјоделски површини во КО Долно Перово, КО Прељубје, КО Покрвеник, КО Прељубје и КО Волкодери во вкупна површина од 15,32 Ха на земјоделски површини засадени под земјоделски култури од јаболко, лешник, цреша и пченица.

Во поглед на процентот на оштетеност, процената на штетата се врши на целосно опожарени стебла под овоштарници и површини засадени со пченица.

Вкупната проценета штета врз земјоделските површини од пожарот изнесува **7.069.742,оо** (седум милиони шеесет и девет илјади седумстотини четириесет и два) денари.

## VII. Изготвувач на извештајот

Изготвувач на извештајот е Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи – пожар, формирана со Одлука бр. 08 – 2251/13 од 19.09.2025 год. од страна на Советот на општина Ресен.

**Комисија за процена и утврдување на висината на штетата**

**од природни непогоди и други несреќи - пожар**

Претседател :

Кирил Тански

Членови:

Миха Догу

Николче Шушевски

Илче Ристевски

Тодор Китевски

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година

Се објавува Заклучок по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година , што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/2 | Градоначалник
01.07.2026 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.06.2026 година, откако го разгледа Збирниот Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1871/4 | Претседател
30.06.2026 година | Коста Замановски с.р
Р е с е н

Комисијата за процена и утврдување на висината штетата од природни непогоди и други несреќи, до Советот на Општина Ресен го предлага следниот:

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ

за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар

на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година

## I. Општ дел

На ден 30.08.2025 год. на дел од територијата на Општина Ресен односно, КО Асамати, евидентиран е пожар кој предизвика штети на земјоделските површини и пчелни семејства.

Советот на Општина Ресен со Одлука бр. 08-2251/12 од 19.09.2025 година, констатира штети од пожар врз земјоделски површини на територија на КО Асамати. Исто така, со Одлука бр.08 – 2251/13 од 19.09.2025 год. од страна на Советот на Општина Ресен се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи – пожар во состав од Претседател – Кирил Тански и членови: Миха Догу, Николче Шушевски, Илче Ристевски и Тодор Китевски (сите вработени во лок.самоуправа на општина Ресен).

Комисијата, меѓудругото имаше за задача да изврши увид на теренот зафатен со пожарот, да извршат процена на настанатат штета, во законски рок за да ја заврши проценета на оштетените и уништени добра, да изработи Збирен извештај за проценета штета од несреќата и да го достави до Советот на Општина Ресен.

Со примена на Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија“ бр.181/2021 година) обезбедени се принципи и методи за процена на штети.

## II. Цели на проценката

Цел на проценката е утврдување на видот и обемот на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината на настанување на штетата.

## III. Предмет на проценката

Процена се врши на средства и други добра кои се уништени или оштетени, како и трошоците предизвикани од овие штети и штетите заради намалено производство или неостварен приход кај правните и физичките лица. Предмет на проценка се обртни средства (суровини и репроматеријали, полупроизводи и недовршени производи, земјоделско производство, готови производи и трговски стоки) и основни средства ( долгогодишни насади), како и основни средства кај пчелни семејства (опрема)

Штетите се проценуваат на сите средства и други блага што претрпеле штета без оглед на тоа дали се осигурани кај осигурителни друштва.

## IV. Опис на основни поими и причини за штета

Причина за настанатата штета е – пожар. Според извештаите и записниците од надлежните органи, причината за пожарот не е утврдена.

## V. Цени потребни за процена на штети

Цените и количините при процена на штетата на земјоделските насади – овоштарници што се користени при утврдување на процената на штетата настаната од пожарот евидентиран на 30.08.2025 год. на територија во КО Асамати, општина Ресен се превземени од извршената процена за настаната штета од природна непогода – голомразица на подрачјето на Општина Ресен за 2025 година, додека за процената на штетата врз пчелните семејства користени се податоци од вешти лица од изработени вештачења на овој вид штети.

При пресметката на штета на јаболковите насади за предметната несреќа, од вкупно утврдената штета одземени се трошоци за нереализиран род во висина од 20 %.

## VI. Резултати од проценетите штети

По објавување на јавниот повик за поднесувања на барања за надомест на штета од пожар до општина Ресен поднесени беа 2(две) барања од физички лица.

По извршениот увид и врз основа на доставените барања до општина Ресен, евидентирани се штети на земјоделски површини засадени со јаболко (0,43 Ха) и пчелни семејства (25 семејства) во КО Асамати, општина Ресен.

Во поглед на процентот на оштетеност, процената на штетата се врши на цеолосно опожарени стебла под овоштарници и уништени пчелни семејства.

Вкупната проценета штета врз земјоделските површини и пчелните семејства од пожарот изнесува **577.500,оо** (петстотини седумдесет и седум илјади и петстотини) денари.

## VII. Изготвувач на извештајот

Изготвувач на извештајот е Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи – пожар, формирана со Одлука бр. 08 – 2251/13 од 19.09.2025 год. од страна на Советот на општина Ресен

**Комисија за процена и утврдување на висината на штетата**

**од природни непогоди и други несреќи - пожар**

Претседател :

Кирил Тански

Членови:

Миха Догу

Николче Шушевски

Илче Ристевски

Тодор Китевски

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање финансиска поддршка на ОУ Дом на култура „Драги Тозија “Ресен за реализација на проект со наслов: Култура ПРЕСПА-Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа

Се објавува Одлука за давање финансиска поддршка на ОУ Дом на култура „Драги Тозија “Ресен за реализација на проект со наслов: Култура ПРЕСПА-Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/3
01.07.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“. бр. 5/02), а во врска со член 23 став 1 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), и член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) а во врска со Одлуката за поддршка на проект со наслов: Култура ПРЕСПА-Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа со бр.08-2414/11 од 13.12.2024 година (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.15/2024) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање финансиска поддршка на ОУ Дом на култура „Драги Тозија“Ресен за реализација на проект со наслов: Култура ПРЕСПА-Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава финансиска поддршка на ОУ Дом на култура „Драги Тозија“ Ресен за реализација на проект со наслов: „Култура Преспа – Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа“.

**Член 2**

Проектот е финансиран како дел од ЕУ за Преспа програмата EuropeAid/178154/DD/ACT/MK.

Проектот предвидува реконструкција на зградата на старата пожарна и партнерски е имплементиран од страна на ЦИСС Меѓународна соработка Југ-Југ Палермо и ОУ Домот на културата „Драги Тозија“ – Ресен.

**Член 3**

Вкупната вредност на проектот е 251.470 евра од кои 241.470 евра се обезбедени како донација а додека пак 10.000 евра согласно Меморандум за соработка бр.03-28 од 04.06.2024 и Анекс на меморандум бр.03-28/3 од 02.12.2024 година потпишан помеѓу ЦИСС Меѓународна соработка Југ-Југ Палермо и ОУ Дом на култура Драги Тозија Ресен треба да се обезбедат како сопствено учество.

**Член 4**

Финансиката помош изнесува 615.000,оо денари (шестотини и петнаесет илјади денари) и средтствата се исплаќаат од Буџетот на Општина Ресен, од програма МБ, ставка 426, подставка 426990.

**Член 5**

По спроведување на проектните активности, се задолжува ОУ Дом на култура „Драги Тозија“ Ресен да достави наративен и финансиски извештај до Општина Ресен.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-1871/5 Претседател
30.06.2026 година Коста Замановски с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на СОУ „Цар Самоил“ Ресен

Се објавува Одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на СОУ „Цар Самоил“ Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/4 | Градоначалник
01.07.2026 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 23 ст.1 т.36 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) и член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), а во врска со Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен бр.57-45/8 од 17.02.2026 година („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.34/26) и Меморандум за соработка склучен помеѓу Германско друштво за меѓународна соработка – Канцеларија Скопје и Општина Ресен заведен под бр.17-688/6 од 15.06.2026 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана ден 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на СОУ „Цар Самоил“ Ресен

Член 1

Со оваа Одлука на досегашниот корисник Општина Ресен му престанува користењето на движната ствар, доделена од Агенција за управување со одземен имот бр.02-5901/2 од 29.01.2025 година и добиена согласност за истата од Влада на РСМ со Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен бр.57-45/8 од 17.02.2026 година („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.34/26) и тоа:

| Ред.бр | Опис и тип на возило | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| 1. | Трактор ИМТ 533 ДеЛукс | 1 | 92.250,00 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа Одлука се дава на трајно користење, без надоместок, на СОУ „Цар Самоил“ Ресен.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Ресен да склучи договор со СОУ „Цар Самоил“ Ресен со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар кои се дава на трајно користење.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1871/6
30.06.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за прифаќање донација, метеоролошки станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер – Преспанско Езеро

Се објавува Одлука за прифаќање донација, метеоролошки станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер – Преспанско Езеро, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/5
01.07.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 23 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 ,11/2015 и 10/2021), член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26) и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) а во врска со склучен Меморандум за соработка за користење, одржување и понатамошен развој на метеоролошките станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер–Преспанско Езеро (Wind Sports – Presрa Lake) бр. 09-1808/1 од 15.06.2026 година, Советот на општина Ресен на седница одржана на 30.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
за прифаќање донација, метеоролошки станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер – Преспанско Езеро

Член 1

Општина Ресен ја прифаќа донацијата од компанијата Одржливи Авантуристички Патувања ДООЕЛ Скопје, со седиште на булевар Кочо Рацин бр.26-1 Скопје, согласно склучен Меморандум за соработка за користење, одржување и понатамошен развој на метеоролошките станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер–Преспанско Езеро (Wind Sports – Prespa Lake) бр. 09-1808/1 од 15.06.2026 година, помеѓу Општина Ресен и компанијата Одржливи Авантуристички Патувања ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Донацијата опфаќа:

- две (2) метеоролошки станици од брендот Davis Instruments;
- две (2) компјутерски конзоли за пренос и визуелизација на податоци во реално време;
- два (2) столба за поставување на метеоролошките станици;
- две (2) заштитни кутии за електронска опрема;
- придружна инфраструктура и заштитна опрема, вклучувајќи бетонски блокови, поцинкувани сонди и траки, заштитни црева и систем за громобранска заштита.

Член 3

Проценета вредност на донацијата е 210.000 (двесте и десет илјади) денари без ДДВ.

Член 4

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 5

Градоначалникот на Општина Ресен се овластува за потпишување на договорот за донација со донаторот- компанијата  Одржливи Авантуристички Патувања ДООЕЛ Скопје , со седиште на булевар Кочо Рацин бр.26-1 Скопје,  со кој ќе се уредат правата и обврските на договорените страни.

Член 6

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Ресен”.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1871/7
30.06.2026 година
Ресен

Претседател
Коста Замановски с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемување на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа  на товар на родителите.

Се објавува Одлука за давање  согласност на Одлуката за зголемување на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа  на товар на родителите, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/6
01.07.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и  член 23 став 1 точка 8 и 31 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013,  8/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со  член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на Општина Ресен на седница, одржана на  30.06.2026 година донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на Одлуката за зголемување на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите на ЈОУДГ „11 Септември“ Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за зголемување на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, донесена од страна на Управниот одбор на Јавна Општинска установа детска градинка “11 Септември“ Ресен и заведен под бр.02-64/4 од 19.06.2026 година.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите и тоа висината на надоместокот месечно по дете во зависност од услугите се утврдува на следен начин:

1. ЗА ПРОГРАМА ЗА ЦЕЛОДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

- За деца до 6 годишна возраст ..........................................2.000,оо денари,

2. ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕТЕ ВО „ОБЈЕКТ 2“ во други просторни услови

- За деца до 6 годишна возраст.............................................800,оо денари,

3. За ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА ДЕТЕ

- Над 6 до 10 годишна возраст.............................................2.000,оо денари.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Ресен“ а ќе започне да се применува со пресметката на надоместокот за месец Септември 2026 година.

СОВЕТ  НА  ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1871/8 Претседател

30.06.2026 година Коста Замановски с.р

Ресен

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Ресен

Се објавува Заклучок по Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 30.06.2026 година.

Бр.09-1955/7
01.07.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 30.06.2026 година, откако го разгледа Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Ресен го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

Се усвојува, Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Ресен.со арх. Бр.20-1952/1 од 30.06.2026 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1871/9
30.06.2026 година
Ресен

Претседател
Коста Замановски с.р

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2027 година за Општина Ресен

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 20 - 1952/1 30.06.2026 |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОПШТИНА РЕСЕН |
| ЗА ГОДИНА: | Годишен План за вработување за 2027 година |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 6018572 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 40240041007609 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 19.06.2026 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | м-р Лилјана Прцуловски<br>Сектор за управување со човечки ресурси и општи работи | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Секретар<br>Зоран Кипревски | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Градоначалник<br>Јован Тозиевски | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН * РЕСЕН *

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број вработени во институцијата** (на датумот на пополнување на годишниот план) | **92** | **60** | **0** | **0** | **32** |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година**

| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

* *Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување*

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година?*(заокружете)* | | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | | 0 |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | | |

| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | <u>Основ на заминување-пензионирање</u> (наведете датум на престанок на работниот однос) |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи**[*]*

| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за престанок на работниот однос) | датум на престанок на работниот однос | |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

[*] *Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето*

***Табела 3.*** *Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Админстративни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Пом ошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

| | | |
|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | 6 |

Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време:

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други органзациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР 01 01 В01 000 Овластен градежен инспектор | Одделение за инспекциски надзор -Инспекторатр | испразнето | 50.310,00 денари |
| 2. | УПР 01 01 В04 000 Внатрешен ревизор на обука | Одделение за внатрешна ревизија | испразнето | 32.680,00 денари |
| 3. | УПР 04 02 Б14 000 Пожарникар спасител-возач на специјално возило | ТППЕ Ресен | пензионирање | 33.900,00 денари |
| 4. | УПР 04 02 Б14 000 Пожарникар спасител-возач на специјално возило | ТППЕ Ресен | пензионирање | 33.900,00 денари |
| 5. | УПР 04 02 Б14 000 Пожарникар спасител-возач на специјално возило | ТППЕ Ресен | пензионирање | 33.900,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | УПР 04 02 Б13 000 Пожарникар спасител | ТППЕ Ресен | пензионирање | 33.700,00 денари |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

<table>
<tr><td colspan="5">Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? (заокружете)</td><td>ДА</td><td>НЕ</td></tr>
<tr><td colspan="6">Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: (наведете број)</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="7">Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време:</td></tr>
<tr><td>р.бр</td><td>работно место (шифра и назив)</td><td>Организациона единица (Сектор/Служба)</td><td><u>Кратко образложение на причините</u> (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други органзациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго)</td><td>Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број)</td><td colspan="2">Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари)</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

***Табела 3.** Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција)**[*]

| Дали планирате пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција): *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните по пат на мобилност (преку преземање од друга/и институција/и): | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

[*] ***Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располегаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 6 | 2 | 0 | 0 | 4 |

СОДРЖИНА:

1. Заклучок по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 11.07.2025 година..........................................................стр. 1

2. Заклучок по Збирен Извештај за проценетата штета од природни непогоди и други несреќи – пожар на територијата на Општина Ресен за 2025 година настанати на ден 30.08.2025 година..........................................................стр. 5

3. Одлука за давање финансиска поддршка на ОУ Дом на култура „Драги Тозија “Ресен за реализација на проект со наслов: Култура ПРЕСПА-Преобликување на старата пожарна во Ресен во општински и мултикултурен центар за валоризација и промоција на културното и животното наследство на Преспа...........................................................................................стр. 9

4. Одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на СОУ „Цар Самоил“ Ресен..........................................................................стр. 11

5. Одлука за прифаќање донација, метеоролошки станици поставени во рамки на проектот Спортови на ветер – Преспанско Езеро................................стр. 13

6. Одлука за давање  согласност на Одлуката за зголемување на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа  на товар на родителите.......стр. 16

7. Заклучок по Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Ресен.............................................................................................стр. 19

**Издавач:Општина Ресен**

**Тел:047-551-770**

**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**

**Даночен број: 4024004107609**

**Матичен број: 6018572**